ОЛИВЕР
РОМЕВСКИ



# НАЈТЕШКОТО
# НЕШТО

ОЛИВЕР РОМЕВСКИ

# НАЈТЕШКОТО НЕШТО

АД ВЕРБУМ

За издавачот Енкеледа Стефановска

Главен уредник Анастасија Гончевска

Copyright © Оливер Ромевски, 2017

Copyright © АД ВЕРБУМ, 2019

Сите права се заштитени. Ниту еден дел од ова издание не смее да биде препечатуван, копиран или објавуван во која било форма или на кој било начинво електронските или печатените медиуми, без писмена согласност од издавачот.

ОЛИВЕР РОМЕВСКИ

# НАЈТЕШКОТО НЕШТО

АД ВЕРБУМ

Дијалозите во книгата се истоветни со дијалозите во оригиналното филмско сценарио „Најтешкото нешто“.

Ниеден не е изоставен или сменет.

Ова е финалната верзија на писателот.

Приказната и сите ликови се фикција.

Голем дел од настаните се случиле или одиграле во вистинскиот живот.

Некои ме нарекуваат судбина!

Верниците го сакаат зборот божја правда!

Скептиците ќе речат случајност!

*Оваа книга ја посветувам на храбрите луѓе*
*на целата планета, кои не се плашат да го*
*одберат најтешкото нешто.*

# I

Светлина. Полека ги отвораше очите. На прозорецот се гледаа мрсни дамки од нечии дланки. Не ги помнеше. Кој помни мрсни дамки од рацете на нечиј прозорец. Но, сега, тие се врежуваа во умот на Антонио како топли ножеви во путер. Ги прекршуваа сончевите зраци на силното пролетно сонце кое блескаше низ прозорецот и му го матеа умот до бессознание. Бессознание од кое се разбуди пред неколку мигови. Во главата му ѕунеа илјадници пчели и заедно со блескавата светлина му создаваа нагон на повраќање. Главата го болеше со чудно пулсирање. Нерамномерно. Му го враќаше во сеќавање секој удар што го прими пред дваесетина минути. Пред да се онесвести и да падне на грб како талпа. Веројатно предниот дел од главата го болеше од тупаниците што завршија во неговите јаболкници и брада, а тилот го болеше од ударот со главата во паркетот. Не можеше да го помрдне сопственото тело. Лежеше парализиран, упорно давајќи наредби со својот мозок кон екстремитетите, но тие не слушаа. Не сакаа да мрднат, да се придвижат. А мрсните дамки му го матеа погледот. Еден, два, три. Мораше да стане. Се исправи. Целото тело го болеше. Не беше навикнат на физички пресметки. Последен пат се беше тепал уште како дете. Но ова не беше обострано тепање, ова беше јадење ќотек. Неколку удари од професионалец, и темнина. Иако на почетокот сакаше да возврати, по вториот удар сфати дека тоа воопшто нема да биде можно. Не можеш да му возвратиш на некого на кого тепањето му е професија. Професија да тепаш некого. Да го маваш за да добиеш нешто што не е твое. И тој да молчи, и да јаде ќотек. Ако се побуни, да јаде уште повеќе ќотек. До бесвест. Да, до бесвест.

Антонио стоеше исправен. Погледна наоколу. Канцеларијата беше модерна и убава. Не стигна да ја разгледа кога влезе. Не беше дојден за разгледување, тоа беше последната работа што му

паѓаше на ум. Но беше максимално растурена. Како да ја издувал огромен вентилатор. Насекаде по подот имаше документи, фактури, испратници, договори. Завчерашниот број на дневниот весник беше растурен по целата просторија. Една голема жолта папка му стоеше пред нозете. Ја згазна со десната нога и остави отпечаток од својот чевел. Појде кон малиот ходник кој го делеше од влезната врата. До вратата имаше големо огледало небаре влегуваш во стан, а не во деловни простории. Тетеравејќи се, застана пред огледалото. Го погледна својот лик во него. Како воопшто се најде во оваа ситуација. Каков е овој свет? Што е тоа што е погрешно?! Сè е наопаку. Се гледаше со доза самоиронија, со бес и огорченост, со лутина и гнев, со желба сè ова да заврши веќе еднаш. Не беше лик кој се жали, не беше ни лик кој се самосожалува, но чувствуваше дека е премногу. Се погледна подобро во огледалото, кон сопствениот одраз во кинеското огледало купено некаде во старата чаршија, и вклопено во италијанскиот мебел од канцеларијата. Неговата руса коса беше затуткана во засирената крв која сè уште течеше по малку од резот на десната слепоочница. Под левото око имаше модринка колку магарешка слива, сина и нававрена. Имаше чувство дека окото полека му се затвора. И ликот во одразот на таа страна беше некако нејасен, со замаглени контури. Устата беше посебна приказна. Надуена како кај порно-старлета по неуспешна пластична операција, расечена по средината, со крв која капе од неа на белата кошула. На кошулата што беше облечена чиста утринава. Полека со десната рака се допре за усната. Не да провери дали го боли, туку да провери колку е потечена бидејќи чувството што го имаше беше како да има модар патлиџан закачен со штипка на долната усна. Самиот допир му предизвика силна болка од која му се згрчи целото тело. Ударот е дел од секундата, тој не боли, тој само го стресува целото тело како земјотрес и предизвикува уривање или, пак, во најдобар можен случај, останување на нозе. Но последиците, исто како и кај земјотресот, се фатални. Тие се концептуално менување на релјефот на лицето, односно на Земјината кора.

– Уффф! – кусо, со полузатворени очи, беа првите звуци кои Антонио ги испушти во подолг временски период. Тој не прозбори додека беше тепан. Ни еден единствен лелек. Ништо. Имаше дебела причина за тоа. Знаеше дека не смее да вика и да офка. Дека овој ќотек е ништо. Дека овој ќотек не може да се

споредисо другата болка. Ова тепање е смешно. Би изел сто вакви тепања да може да смени нешто. Погледна лево-десно. Бараше со погледот. Без размислување. Потоа ја стави десната рака во џебот и извади платнено бело марамче. Беше реткост во денешно време еден триесет и пет годишник да носи чисто испеглано марамче во џебот. Тоа кажуваше многу нешта. Ја избриша долната раскрвавена усна со лесно движење со кое само ја допре. Крвта од усната се залепи на чистото бело марамче. Повторно гледајќи се во огледалото, ја истапка усната симнувајќи ја згрутчената крв. Како попарен се тргна од пред огледалото и тргна повторно кон канцеларијата, враќајќи ја во својата меморија сликата за шишето виски кое стоеше на бирото. Со левата рака го зграпчи шишето и го надигна вискито. Алкохолот никогаш не е доволен да го избрише минатото, тој е само утеха на моментот. Кога ќе протече низ грлото дава лажен приказ на реалноста, а потоа со еден удар те враќа на земјата на која и онака тешко се стои. Антонио тоа не го знаеше, затоа што ова му беше прво ставање алкохол в уста по три години. Тогаш се испијани сакајќи да се убие со труење, сега се напи по инерција. Некако тешките моменти секогаш се поврзани со алкохолот. Дванаесетгодишното виски му ја печеше расечената усна до неподнослива болка. Не ја чувствуваше болката вистински. Како да го болеше некој друг, како тоа да беше нормална состојба. Го зеде шишето и го истури врз главата и на раната на челото. Вискито му течеше преку лицето. Печеше, влегуваше во очите. Гореше. Но не гореше повеќе од неговата болка. Го избриша лицето со ракавот од кошулата. Очите му беа крвави од алкохолот кој му ги гореше белките. Сакаше со болката да ја избие болката. Онаа другата, душевната. Онаа болка која го правеше немоќен да смени нешто. Болката која не беше кукавичлук, но која ја убиваше храброста. Не беше доволно да се биде храбар. Беше утопија да се биде храбар. Храброста беше лага на мудроста. Со шишето виски во раката Антонио повторно се врати во канцеларијата. Седна на големата фотеља и се навали. Се навали онака директорски, газдински. Го подигна шишето да отпие голтка. Наеднаш стана свесен каде, всушност, се наоѓа, колку ова место беше проклето за него. Ова беше канцеларија на измамата, канцеларија во која совеста не постоеше. Тука не се правеше бизнис, тука бизнисот умираше пред манипулацијата. Едноставно, му се згади од своето

присуство тука, повеќе од тепањето што го изеде. Го погледна шишето во кое имаше половина литар од жестоката течност, и во него виде многу лага. Не чекаше ни момент, само го фрли силно кон ѕидот за тоа да се распрсне на илјада парчиња. Кафеаво-црвена флека се појави на ѕидот додека срчите скокаа по паркетот.

Антонио немо гледаше во просторот пред себе. Погледот му беше фиксиран некаде во тешкиот воздух кој смрдеше на крв и виски, некаде на средина од невидливата траекторија на окото до ѕидот. Гледаше во празно. Очите му беа крвави, главата му беше излепена со крв, устата му беше крвава. Солзи, сини како неговите ириси, почнаа да му го мијат лицето. Се слеваа како планински поток низ своите брзаци. Толку солзи немаше исплакано од смртта на Андреа. Се собирале три години, за сега се истурат наеднаш. Изворот беше некаде далеку во него, во неговата напатена и изморена душа. Но не беше предаден, само страшно уморен. Го покри лицето со дланките и почна силно да липа.

# XXXIV

Работниците во фирмата на Газда Пано денес не дојдоа на работа. Откако нивниот газда буквално исчезна од лицето на земјата, не одговараше на телефонските повици, сиротите луѓе кои беа на крајот на своите физички сили и финансии, едноставно не се појавија на работните места. Првата причина беше што буквално беа доведени во мизерна состојба на сопственото човечко достоинство бидејќи три месеци немаа примено никакви средства од него и буквално немаа пари за автобус до работното место, а втората и побитна што во последните настани тие предосетија дека неговата фирма полека но сигурно гасне, и дека ќе биде премногу утопистички доколку сè уште веруваат во неговите лаги, а истовремено се експлоатирани до последниот атом од своите сили. Газда Пано и порано имаше финансиски кризи, впрочем, тој поголемиот дел од својот работен измамнички век го водеше на работ на жилетот, но секогаш се извлекуваше во безобразен стил. Овој пат, случувањата со Стока не даваа надеж кај вработените дека сè ќе се заокружи во препознатливата завршница. Зарот ја смени страната. Се наликуваше на тоа дека Газда Пано, единствениот и голем Пано, ги изживеа своите девет мачкини животи. Барем така им се чинеше на неговите вработени. Тие никогаш немаа симпатии за него и неговото однесување. Тука беа од лукративни причини бидејќи во оваа земја беше тешко да се најде работа.

Антонио навлезе во дворот. Мораше да го види Пано. Да дознае што, всушност, се случува, каква е оваа мешаница. Знаеше дека направи огромна грешка што му ги даде парите во кеш, но сега тоа и не беше толку битно кога јагодите тргнаа на пат со неговите извозни документи. Но чувството дека си зацапан во вир кој се повеќе се врти и те влече во матната вода го преплавуваше неговото тело. Работите не беа чисти, а тоа правеше сè повеќе да верува во старата урбана поговорка: Не е завршено, додека не е завршено! –

која ја беше одвалил еден познат американски бејзбол-играч како врв на неговата интелигенција, но на Балканот функционираше како *spiritus movens* на сè што се движеше и работеше. Ако некој на овој простор наречен по медот и крвта ти рече дека работата е готова, слободно прекрсти се или помоли се трипати, затоа што тоа е тајмингот кога твоите проблеми навистина почнуваат. Ако купуваш мебел, и го платиш, верувај дека пет пати ќе се јават да го одложат денот на испорачувањето, дека ќе донесат различна боја од онаа што си ја уплатил во салонот, дека монтажата од бесплатна услуга на крајот ќе се претвори во услуга која се плаќа на рака, и дека ветениот квалитет кој ти бил презентиран по само неколку дена ќе се претвори во, најблаго речено, сигурна измама. Тоа е тој концепт кој отсекогаш го движи овој дел од планетата земја, независно дали државата или народот ѝ припаѓаат на Европската Унија, или се во сојуз со НАТО, Русија, Бангладеш или Нов Зеланд. Кажано со неколку прости зборови, хаосот кој владее тука е во состојба да ги смени животните навики и на најзакоравените Западњаци кои држат до своите време, збор и договор. Балканот ја има таа способност од Јапонец да направи хроничен доцнач кој воопшто не го „боли кур“ (балкански израз за невнимание, незаинтересираност, неангажираност) за тие што го чекаат затоа што тоа така треба да биде. Ако брендот гарантира квалитет насекаде, тука брендот гарантира до првата кривина. Бизнисите ги водат разни Газда Пановци кои заборавиле на зборот етика и лојалност. Дон Кихотите како Антонио остануваа на ветрометнината на животот сè додека не ги почувствуваат силно правилата на играта врз својот грб, или додека не се приспособат и тие на таквиот начин на живеење. Или додека не пропаднат, умрат, затоа што четврто нема. И во блиско време нема да има.

Антонио влезе во малиот влез. Се качи по тесните скали и дојде до вратата од канцеларијата на Газда Пано. Чукна на влезната врата. Никој не се одѕва однатре. Заѕвони на ѕвоното. Ништо. Повторно го пресретна само тишина. Морничаво изгледаа овие работни простории без секојдневниот џагор на работниците во дворот, движењето на шефовите и секретарките, без зарипнатиот глас на газдата и неговото викање. Колку и тоа да беше нездраво и неприродно, сепак, гласовите даваа некаква атмосфера на местово. Не топлина, само штимунг кој туркаше низ секој час за полесно

да помине времето. Полека ја подотвори вратата. Се штрекна погледнувајќи кон десно каде што беше големото кинеско огледало. Кичестото огледало му ја откри вистината за неговата физичка состојба, она што го чувствуваше до сржта на коските, а не успеваше да го види. Бидејќи излегуваше од дома без да се погледне во домашното огледало, а забите ги миеше автоматски, досега не си ја беше видел ставата и ликот. За три дена беше остарел неколку години, не знаејќи воопшто како тоа му се случило. Болеста на син му подмолно му ги земаше здивот и силата, индиректно, како недопирлива, снажна вибрација која го тресеше од глава до петици секоја секунда. Тој беше како објект, како зграда која постојано ја тресеа земјотреси и ја раскршуваа дел по дел. Не знаеше дали тоа ќе продолжи така, но не навестуваше ништо добро. Секој паѓа. Прашање на време е кога стресот и проблемите ќе успеат да го кутнат. Она што го виде во огледалото воопшто не ветуваше ништо добро. Но не беше дојден да се огледува, туку да го најде Пано и да расчисти еднаш засекогаш со овие глупости кои му одземаа многу пари, време и здравје. Полека тргна кон канцеларијата. Стариот паркет крцна под неговите нозе. Се движеше претпазливо, како да очекува да види нешто, и од тоа да не се изненади.

– Добар ден, има ли некој?! – вроденото воспитание беше посилно од сѐ. Изговорената реченица беше апсолутно апсурдна. Да кажеш добар ден во оваа ситуација беше аматерски, наивно, но тоа беше таа мила ѕвезда што ја имаше личноста на Антонио. Тој беше културен, воспитан, по бабино и дедино, тој велеше добар ден и таму каде што не требаше, велеше извини и на тие што не требаше, имаше добра мисла и чиста совест. Не удираше со врати, не влегуваше без тропање, ретко пцуеше, и никогаш не колнеше. Не посакуваше туѓо, не се ситеше над нечија несреќа, не зборуваше зад грб. Како да беше паднат од Марс, така му велеа кога беше дете. Не беше паднат од Марс, туку другите беа премногу воинствени, лоши, џангризави, суетни, безобразни, расипани, како да беа под покровителство на богот Марс.

Антонио влезе во канцеларијата. На бирото имаше купови документи. Шише со две третини „Џек Даниелс“, стар дванаесет години, исто така, стоеше од десната страна на столицата. Една фотографија свртена кон прозорецот, односно со опачината кон него. Една валкана чаша на која се познаваа отпечатоци од прсти. Еден

дневен весник. Жолта папка каква Пано му даваше со документи од шпедицијата. Очигледно Пано не беше тука. Којзнае каде беше. Едноставно исчезна. Не се јавуваше на телефон, никој не го беше видел.

– Газда Пано, јас сум Антонио! – тргна кон бирото. Сакаше да види дали има некаква белешка на масата, порака, да види кој беше на фотографијата. Како да сакаше да се осигури дека нема никој. Се излажа.

– Значи ти си Антонио, како си ми легнал ко кец на десетка! – големиот црвенокос криминалец стоеше на вратата. Беше облечен во црни фармерки, бела кошула и зелена јакна „ла коста“. Обично овие јакни им одговараа на помалите луѓе, но огромниот шеф на бандитското друштво сигурно беше потрошил еден тон евра за да најде број за себе од престижната марка. Личеше на кловн од хорор-филм. Главата му беше жар црвена, што од неговата генетски наследна руса коса и ликот, што од црвенилото и нервозата која му ги пукаше образите. Кошулата му беше бела како снег, тукуштo извадена од машината за перење. Јакната зелена како дрес на ирската репрезентација. Фармерките црни, а чевлите, исто така, бордоцрвени со тегет ѓон од познатата италијанска фирма „Џино Кори“ од Куманово. Да не беше страшен како што беше, и да не беше ситуацијата таква каква што беше, Антонио сигурно ќе се насмееше кога го виде. Вака, доби израз на големо изненадување од појавата на оваа огромна гротескна личност на вратата од канцеларијата. Повторно културата го издаде карактерот на Антонио.

– Молам! Кој си ти, не те познавам! – беше одговорот на изненадениот човек. Бараше една битанга, а налета на кралот на битангите. Но тој не го знаеше тоа, ниту, пак, имаше поим кои се релациите и врските помеѓу Пано и човекот на вратата. Не ја знаеше нивната страшна историја. Да знаеше барем дел од неа, веројатно инстиктивно ќе се обидеше да избега. Вака стоеше немо ѕурејќи во црвенокосиот џин, без страв, срам, без емоции. За момент, помисли дека е некој измамен клиент на Пано кој дошол исто како него да го побара, но некако оваа приказна не му се совпаѓаше. По изгледот и ликот на Стока, тука имаше нешто повеќе.

Стока влезе во канцеларијата и неочекувано ја затвори вратата зад себе. Таа тресна со сета сила. Одговорот му беше во гангстерски,

ироничен стил.

– Нема проблем, сега ќе се запознаеме! – му рече гледајќи го директно в очи.

Антонио сè уште не го беше разбрал цинизмот на Стока. Затоа коректно се трудеше да добие информација. „Ако веќе не е клиент, си рече во себе, да постави ново прашање“.

– Работите тука?!!

– Може да се каже дека сум новиот газда тука! – беше неочекуваниот одговор од Стока. Стока ја градеше својата позиција максимално врз база на својата психопатска опсервација. Ја користеше наивноста на овој човек да ги пласира своите идеи како ја гледа својата иднина, на штета на сите други.

– А што стана со Газда Пано?! – со голема доза изненадување праша Антонио.

– Газда Пано реши повеќе да не се занимава со бизнис и, искрено да ти кажам, не се наоѓа себе си во ова! – оваа реченица веќе го разбуди сомнежот кај Антонио. Газда Пано не изгледаше како некој што би го продал својот бизнис, затоа што веројатно во државава не постои некој кој, судејќи по последниве настани, воопшто би купил бизнис од него. Од човек кој своите долгови и побарувања ги намирува со кеш и злато, ретко кој од сериозните бизнисмени во оваа област би купил што било, а не бизнис. И тој самиот немаше веќе намера да соработува со него, надевајќи се дека, сепак, оваа одисеја ќе заврши позитивно. Но нешто во овој разговор како да не го навестуваше таквиот крај.

– Вам ви го продал бизнисот?! – праша Антонио и тргна да излезе од просторијата. Големото тело на Стока му го попречи патот кон вратата. Тоа беше непријатното изненадување кое следеше.

Стока ги напучи усните, погледна настрана и кимна со главата потврдно.

– На некој начин, да! – повеќе си зборуваше сам на себе, отколку што имаше намера да го убедува човекот кој тргна ту лево, ту десно со идеја да излезе низ вратата, но поради неговиот агресивен став не можеше тоа да го стори.

Антонио можеше да го почувствува неговиот киселкаво-фекален одвратен здив. Не можеше да помине од неговото тело кое намерно се поместуваше благо, ту лево, ту десно и не дозволуваше пристап до излезната врата кон ходникот. Антонио се поврати чекор

наназад, и со голема усилба го подигна погледот во рамниште на очите на Стока. Сакаше да се обиде да биде храбар и директно да му побара да се тргне од вратата. Сепак, одлучи наместо барање да испорача констатација.

– Штом Пано не е тука, јас ќе морам да си одам! – се обиде уште еднаш разговорот да го сведе на безначајна комуникација, не знаејќи ги вистинските причини на Стока. Одговорот кој следеше беше изненадувачки.

– Е гледаш, Антонио, ти ќе мораш да останеш малку! – сиво-сините очи го погледнаа со толкава омраза, што за миг Антонио се запраша што му сторил лошо на овој човек, што предизвикува таква одбојност кај него. Не знаеше дека има работа со болен човек, психопат вкалапен во пресметлив криминалец. Апсолутно најлошата варијанта на карактерите на злото.

– Да останам, зошто?! – Антонио знаеше дека ѓаволот ја однел шегата, но, сепак, го постави ова прашање. Овој човек беше голема неволја, и во наредните минути ќе дознае што му се вистинските намери. Дали е тука случајно или намерно, тоа повеќе не беше важно. Знаеше дека се најде на погрешно место во погрешно време.

– Затоа што Газда Пано го предаде твојот долг од педесет илјади евра за наплата на новиот сопственик, то ест на мене! – му се внесе во лицето. Не знаеше дали повеќе му се стемни од зборовите што ги слушна или од здивот кој му ги ширеше ноздрите, и од кој се бореше да дојде до воздух.

– Долг!? Каков долг?! Јас немам никаков долг кон Газда Пано! – Антонио ја кажуваше вистината. Знаеше дека нешто подмолно се крие зад лицето на овој црвенокос демон. Неговото претчувство пулсираше, а неговиот аларм за неволја титкаше на максимум. Се обиде да објасни, но очигледно беше дека Стока немаше намера да слуша.

– Имаш, имаш! Купи јагоди од газда Пано? – ладнокрвно констатираше, а потоа го постави прашањето.

– Да, купив, чесно ги платив и ги извезов во Хрватска! – беше одговорот на Антонио.

– Јас не видов уплата на изводите на фирмава од тебе! Значи не си платил! – Стока ја знаеше секоја поединост која предизвикуваше немир во срцето на Антонио. Неговата психопатска конструкција ги спојуваше сите невозможни криминогени комбинации за да може

# ЗА АВТОРОТ

Оливер Ромевски е роден 1969 година во Скопје. По професија е дипломиран политиколог, магистер по меѓународни односи и дипломатија.

Романот „Најтешкото нешто“ е четврти роман на авторот кој освен ангажманот на книжевен план, особено кога е во прашање подолгата проза односно романот, на јавноста ѝ е познат и како продуцент, сценарист и режисер. Карактеристично е тоа што ракописот на овој роман доаѓа по пишувањето на истоименото филмско сценарио кое со добиена финансиска поддршка од страна на Агенцијата за филм веќе е во фаза на предпродукција.

Во својот опус ги вклучува делата: „Коцкарска молитва“ (1998), „Ел Македонеро“, „Бројачи“ (2002), „Ловец на души“, „Прирачник за кодоши и квазиполитичари (Десет приказни што ќе ви требаат)“, готвачот „Рецепти за познати личности“ (2009), „Бугарин - националност или професија: Политиката на Република Бугарија за издавање на двојни државјанства на македонски граѓани-консеквенци врз Република Македонија“ (2015) и најновото издание „Најтешкото нешто“ (2019) роман-приказна за судбината и јагодите.

Како сопственик и извршен директор во продуцентската куќа „Дел Рио Филмс“, Ромевски е активен како автор, продуцент, режисер и сценарист, посебно издвојувајќи ги стенд-ап целовечерните комедии „Ни срам ни перде“, „Се викам Никола“, „Не ме лечи докторе“, потоа ТВ-серијалите „Обични луѓе“ и „Гурмански приказни“, документарните филмови „Салата Македонија“, „Плеј фер – Играј чесно“ и „Отворен простор“ како и бројни кампањи, вклучувајќи музички и комерцијални тв-видео спотови.

Издавач

АД ВЕРБУМ

ул. Козле бр. 93 лок. 5 - 1000 Скопје
02/3246-292
office@adverbum.com.mk
www.adverbum.com.mk

*Дизајн на корица и подготовка*

Бојан Крстевски

*Лектура*

Климентина Кец

*Печат*

Печатница Пропоинт - Скопје

*Тираж*

500 примероци

*Објавено*

Скопје, 2019

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

821.163.3-31

РОМЕВСКИ, Оливер

Најтешкото нешто [Електронски извор] / Оливер Ромевски. - Скопје : Ад Вербум, 2020. - 345 стр. ; 21 см

Начин на пристапување (URL): https://www.stranica.mk. - Текст во PDF формат, содржи 345 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 13.10.2020. - Фусноти кон текстот. - За авторот: стр. 344

ISBN 978-608-4759-94-2

COBISS.MK-ID 52195077

„УРБАНА ДРАМА СО БРОЈНИ НЕОЧЕКУВАНИ ЖИВОТНИ ПРЕСВРТИ, ЕДЕН ВИД СУРОВА ПРИКАЗНА ЗА ЉУБОВТА И РЕЛИГИЈАТА, ЗА ЗЛОТО И ПРЕДАВСТВОТО, НО И ЗА НЕПРЕДВИДЛИВАТА И НЕ РЕТКО МОНСТРУОЗНА ЧОВЕЧКА ОСОБИНА ЗА НАНЕСУВАЊЕ ГОЛЕМА БОЛКА, ПОРАДИ АЛЧНОСТ И СТРАСТ."

„...НАРАТИВНИОТ ТЕК СЕ ИСПРЕПЛЕТУВА СО НИЗА НАСТАНИ ШТО ИЗОБИЛУВААТ СО НЕЧЕСНИ ИГРИ, УЦЕНИ, ФИЗИЧКИ ПРЕСМЕТКИ, ПРИНУДНИ БЕГСТВА, ПА ДУРИ И УБИСТВА."

„...ПРИКАЗНА ЗА ИЗБОРОТ ИЛИ ЗА ОДЛУКАТА ДА СЕ СКРШНЕ ЛЕВО ИЛИ ДЕСНО НА КРСТОСНИЦАТА НА ЖИВОТОТ."

АД ВЕРБУМ

9 786084 759942